Врз основа на член 125, 126, 127, 128 и 129 од Законот за игрите на среќа и забавните игри (Службен весник на Република Македонија бр.24/2011, 51/2011 и 148/11) Дирецт Медиа ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. Орце Николов бр.68, Скопје и ЕДБ МК4030003473970 на ден 30.10.2018 г. ги донесе следните:

# ПРАВИЛА НА НАГРАДНА ИГРА
# "ПИОНИР ТЕ ВОДИ НА ЗИМУВАЊЕ"

## ПРИРЕДУВАЧ НА НАГРАДНАТА ИГРА

### Член 1

Приредувач на наградната игра "Пионир те води на зимување" (во понатамошниот текст: наградна игра) е компанијата Дирецт Медиа ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. Орце Николов бр.68, Скопје (во понатамошниот текст: приредувач), во име и за сметка на ЈУС МБ ДООЕЛ Сарај, Скопје, со седиште на Ул.2 бр.6 Сарај, Скопје.

## ИМЕ НА НАГРАДНАТА ИГРА

### Член 2

Име на наградната игра е **"Пионир те води на зимување"**

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА НАГРАДНАТА ИГРА

### Член 3

Наградната игра **"Пионир те води на зимување"** ќе трае 1 месец (30 дена) започнувајќи од **20.11.2018** во 00:00:01 часот и ќе трае трае до **19.12.2018** во 23:59:59 часот.

## МЕСТО НА ОДРЖУВАЊЕ НА НАГРАДНАТА ИГРА

### Член 4

Наградната игра се организира и се спроведува на целата територија на Република Македонија.

## ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ ЗАРАДИ ЧИЕ РЕКЛАМИРАЊЕ СЕ ПРИРЕДУВА НАГРАДНАТА ИГРА

### Член 5

Целта за која се организира и приредува наградната игра е рекламирање и промоција на производите на Пионир и тоа на:

1. ВИТАНОВА КЕКС

Витанова кекс (20% гратис), грамажа: 150г и 300г

Витанова кекс, грамажа: 125г и 250г

Витанова интегрален кекс со чоколадо, грамажа: 168г

Витанова интегрален кекс со суво грозје, грамажа: 180г

Витанова интегрален кекс со путер, грамажа: 180г

Витанова интегрален кекс со млеко и лешник, грамажа: 160г

Витанова мелен кекс, грамажа: 300г

Посен Витанова кекс, грамажа: 130г и 260г

Посен Витанова мелен кекс, грамажа: 300г

Витанова Спекулас чајно колаче, грамажа: 174г

2. МЕДЕНИ СРЦА

Медено срце, грамажа: 150г, 350г и 1000г

Медено срце вишна , грамажа: 150г и 350г

Медено срце јагода, грамажа: 150г

Медено срце портокал, грамажа: 150г

Медено срце капина, грамажа: 150г

Слатко срце, грамажа: 150г, 500г и 1000г

Цица Маца срцуленце, грамажа: 135г, 350г, 500г и 1000г

Цица Маца срцуленце со шумско овошје, грамажа: 135г

Посни медењаци потрокал, грамажа: 150г и 350г

Медено срце лименка, , грамажа: 450г

Медено срце јаболко и цимет, грамажа: 150г

Медено срце ретро, грамажа: 150г

3. ПИОНИР ЧОКОЛАДО ЗА ЈАДЕЊЕ И ГОТВЕЊЕ

Пионир чоколадо за јадење и готвење, грамажа: 100г и 200г

4. ГАЛЕБ ЧОКОЛАДО

Галеб млечно чоколадо, грамажа: 80г, 160г, 200г, 250г и 285г

Галеб млечно чоколадо нугат крем, грамажа: 80г и 250г

Галеб млечно чоколадо со кекс, грамажа: 80г и 250г

Галеб млечно полнета чоколада, грамажа: 80г

Галеб млечно чоколадо со лешник, грамажа: 80г, 160г, 200г, 250г и 285г

Галеб млечно чоколадо со корн флекс (Crispy), грамажа: 80г

Галеб млечно полнета чоколада јагода+јогурт, грамажа: 80г

Галеб млечно чоколадо со ориз, грамажа: 80г и 180г

Галеб млечно чоколадо со лешник карамел куглици, грамажа: 250г

Галеб млечно чоколадо со какао куглици, грамажа: 200г

Галеб млечно чоколадо со какао куглици (200г + 50г гратис), грамажа: 250г

Галеб млечно полнето чоколадо со вкус на Негро бомбони, грамажа: 80г и 250г

Галеб Чоко Херц млечно чоколадо со кекс и млечно полнење, грамажа: 135г

Галеб млечно чоколадо со вафел производ, грамажа: 250г

Галеб Премиум црно чоколадо со 80% какао, грамажа: 100г

Галеб Премиум бело чоколадо со цимет ѓумбир, грамажа: 100г
Галеб Премиум црно чоколадо со 80% какао без додаден шеќер, грамажа: 100г
Галеб млечно чоколадо со бадем и кафе, грамажа: 80г
Галеб млечно чоколадо со бадем и лимун, грамажа: 80г
Галеб млечно полнета чоколада капучино, грамажа: 80г
Галеб млечно полнето чоколадо со јагода, грамажа: 250г
Галеб млечно полнето чоколадо минт, грамажа: 80г
Галеб млечно чоколадо ретро, грамажа: 200г
Галеб Премиум млечно чоколадо какао криспи, грамажа: 100г

5. ПИОНИР ПРОМО ПАКУВАЊА

**Пионир среќно пакетче** (Медено срце посно 150г+Витанова кекс 125г+Галеб млечно полнење 80г+Пионир чоколадо за јадење и готвење 100г), **вкупна грамажа: 455г**
Пионир "Враќање во школо" , вкупна грамажа: 400г

## ПРАВО НА УЧЕСТВО
## Член6

Право на учество во наградната игра имаат сите физички лица со навршени 18 години, жители на Република Македонија, во понатамошниот текст "учесници", кои ги прифаќаат условите на овие правила: учесниците кои за време на наградната игра, ќе купат најмалку 4 различни видови на производи (по 1 од групите на производи наведени во Член 5, под броеви од 1. до 4.) на една фискална сметка. На пример: на една фискална сметка: Медено срце 150г од група Медени срца, Витанова кекс 125г од група Витанова кекси, Галеб млечно чоколадо 80г од група Галеб чоколаде и Пионир чоколадо за јадење и готвење 100г од група Пионир чоколадо за јадење и готвење.

Во наградната игра учествуваат и следниве Пионир промо производи, кои во потполност или делумно го исполнуваат условот наведен во став 1 Член 6. бидејќи содржат артикли од категориите Витанова кекси, Медени срца, Галеб чоколади и Пионир чоколади за јадење и готвење.

| Назив на Пионир промо пакување | Исполнет услов за учество | Содржина на промо пакувањето | Потребно да се докупи за учество во наградната игра |
|---|---|---|---|
| Пионир среќно пакетче 455г | Во потполност | Содржи по еден производ од сите 4 категории | |
| Пионир "Враќање во школо" 400г | Делумно | Содржи производи од категориите: Медени срца, Витанова кекс и Галеб чоколадо | Потребно да се докупи минимум 1 производ од категоријата **Пионир чоколадо за јадење и готвење** |

Во случаеви кога Пионир производите делумно го исполнуваат условот за учество во наградната игра наведен во став 1 Член 6. потребно е на истата фискална сметка да се

докупат производи од кагеториите кои недостасуваат, за да условот наведен во став 1 Член 6. од овој правилник биде исполнет во потполност. (На пример, учесникот го исполнува условот за учество во наградната игра ако на една фискална сметка купи промо пакување Пионир “Враќање во школо” 400г и Пионир чоколаду за јадење и готвење 100г.)

Бројот на фискалната сметка и времето на купување напишано на фискалната (час, минута) треба да се испрати со следна содржина преку СМС порака на телефонскиот број **14741** од кој било мобилен оператор во Р.Македонија со следна содржина: бројот на фискалната сметка (празно место) час во формат HH (две точки “:”) минути во формат ММ.

Учесниците во наградната игра ќе можат да испраќаат смс пораки од 20.11.2018 година од 00:00:01 часот до 19.12.2018 година до 23:59:59 часот. Со учеството во наградната игра, учесниците потврдуваат дека се целосно запознаени со одредбите на овие правила и ја изразуваат својата согласност во поглед на истите.

## УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО ВО НАГРАДНАТА ИГРА

### Член 7

Со испраќање на бројот на фискалната сметка и времето на купување напишано на фискалната (часот, минута) на која се евидентирани купените производи на Пионир, преку СМС порака на бројот **14741**, кој важи за сите мобилни оператори без користење на префикс (цената на СМС пораката изнесува 5,9 денари со вклучен ДДВ), се регистрираат за учество во наградната игра.

Секој учесник во наградната игра е должен фискалната сметка за купените производи да ја чува до подигнувањето на потенцијалната награда, како услов за да ја добие наградата. Сите СМС пораки кои ќе бидат испратени во периодот од 20.11.2018 година 00:00:01 до 19.12.2018 година 29:59:59 час учествуваат во наградната игра, додека сите СМС пораките кои ќе бидат испратени пред започнувањето на наградната игра (пред 20.11.2018 година 00:00:01 час), како и сите СМС пораки кои ќе бидат испратени по завршувањето на наградната игра (по 19.12.2018 година 23:59:59 час), нема да учествуваат во извлекувањето на наградната игра.

Не постои никакво ограничување во поглед на бројот на испратени пораки од страна на еден учесник. Една фискална сметка со купени производи на Пионир може да учествува во наградната игра само еднаш.

Валидни ќе бидат само фискалните сметки кои се издадени во периодот на времетраењето на Наградната игра согласно член 3 од овој правилник .

Сите испратени броеви на фискални сметки преку СМС пораки, од страна на приредувачот на наградната игра ќе бидат верификувани. По верификувањето, секој учесник во наградната игра ќе добие повратен одговор.

Сите податоци пратени по пат на СМС порака ќе се собираат во една база, од каде ќе бидат извлекувани добитници по случаен електронски избор.

Фискалната сметка мора да биде издадена во периодот за времетраење на нахрадната игра.

Еден учесник може да освои повеќе награди само доколку учествувал со различни броеви на фискални сметки, при тоа може максимално еднаш да освои еден вид на награда за времетраење на наградната игра (на пример, еден учесник може за времетраење на наградната игра да освои максимално еден Алфа-Плам решо).

Повратните одговори се следниве:

- Кога учесникот праќа целосна/точна порака (број на фискалната сметка и времето на купување напишано на фискалната (час,минута)), системот испраќа одговор дека испраќачот е регистриран за учество во наградната игра, како и за да провери дали го исполнува условот за учество согласно правилата на наградната игра да ја посети следнава интернет страница https://www.pionir.rs/marketing/vesti/ и дека треба да ја чува фискалната сметка за доказ доколку добие награда.
- Доколку учесникот испрати нецелосна порака, системот испраќа одговор дека испратената порака не е валидно форматирана и ќе содржи пример како треба да изгледа пораката.
- Доколку се испрати празен СМС, системот испраќа одговор дека пораката е празна и дека е потребно да се изврши исправна регистрација.
- Доколку биде испратен СМС со претходно испратен број на издавање на фискалната сметка и времето на купување напишано на фискалната (час, минута), системот испраќа одговор дека испратениот број е веќе искористен.
- Доколку биде испратен СМС во периодот пред почетокот на наградната игра, системот испраќа одговор на бројот од мобилниот телефон на лицето што се обидело да се регистрира, дека наградната игра сѐ уште не е започната.
- Доколку биде испратен СМС во периодот по завршувањето на наградната игра, системот испраќа одговор дека наградната игра е завршена.

Секоја фискална сметка која ќе биде добитна, нема да учествува во понатамошните извлекувања.

Сите недобитни смс пораки важат во сите останати извлекувања до крајот на Наградната игра до 19.11.2018 23:59:59.

## ЗАБРАНА ЗА УЧЕСТВО ВО НАГРАДНАТА ИГРА

## Член 8

Вработените во Друштво за маркетинг и пропаганда ДИРЕЦТ МЕДИА ДООЕЛ Скопје, ЈУС МБ ДООЕЛ с. Сарај, Скопје и Виртуал СЦ ДООЕЛ Скопје, како и членовите на нивните потесни семејства немаат право на учество во Наградната игра.

## ЗАПОЗНАВАЊЕ НА УЧЕСНИЦИТЕ СО ПРАВИЛАТА НА НАГРАДНАТА ИГРА

### Член 9

Пред почетокот на Наградната игра, а по добивање на согласнот од Министерство за финансии учесниците во наградната игра ќе бидат известени за начинот и условите за учество во наградната игра како и за нејзиното времетраење преку платен оглас во печатен медиум, телевизиски спот, билборд и интернет.

## НАГРАДЕН ФОНД

### Член 10

Наградната игра располага со следниот фонд на награди:

- 5 x Зимувања за двајца на Златибор – Р. Србија во хотел Торник
  6 дена/5 ноќи на база на полупансион, деца до 7 години не плаќаат, обезбедена можност да се доплати за дополнителни членови на фамилијата со претходна најава. Период на важност е 3 месеци од денот на издавањето на потврдата од страна на приредувачот и не се однесува на период од 28.12.2018. до 04.01.2019. година.
- 3 x Дочека на Нова година за двајца во хотел Слобода, Шабац – Р. Србија
  за 2 особи во стандард соби од 29.12.2018.година до 02.01.2019.година што вклучува полупансион, дочек на Нова година, реприза на новогодишната ноќ на 01.01.2019.година, неограничено користење на садржините од Spa&Wellness центарот (освен масажи и третмани кои додатно се закажуваат и наплаќаат) и такса за престој.
- 3 x Дочека на Нова година за двајца во хотел Извор, Аранѓеловац – Р. Србија
  за 2 особи во двокреветни соби од 29.12.2018.година до 02.01.2019.година што вклучува полупансион, дочек на Нова година, реприза на новогодишната ноќ на 01.01.2019.година, неограничено користење на садржините од Spa&Wellness центарот (освен масажи и третмани кои додатно се закажуваат и наплаќаат) и такса за престој.
- 1 x Алфа плам печка за етажно греење “COMMO”
- 1 x Алфа плам печка на пелети “LUCA”
- 10 x Алфа плам електричен шпорет
- 30 x Алфа плам решо
- 50 x Пионир слатки пакети

| Опис | Количина | единечна цена со вклучено ДДВ | вкупна цена со вклучено ДДВ |
|---|---|---|---|
| Зимување за двајца на Златибор во хотел Торник | 5 | 36,599 | 182,995 |
| Дочек на Нова година за двајца во хотел Слобода | 3 | 23,414 | 70,243 |
| Дочек на Нова година за двајца во хотел Извор | 3 | 37,397 | 112,191 |
| Алфа плам печка за етажно греење “COMMO” | 1 | 63,469 | 63,469 |
| Алфа плам печка на пелети “LUCA” | 1 | 36,268 | 36,268 |
| Алфа плам електричен шпорет | 10 | 10,060 | 100,600 |
| Алфа плам решо | 30 | 1,298 | 38,940 |
| Пионир слатки пакети | 50 | 353 | 17,671 |
| Вкупно | 103 | | 622,377 |

Добиените награди не можат да се заменат за пари, други награди или услуги.

## ИЗВЛЕКУВАЊЕ НА НАГРАДИТЕ

## Член 11

Наградната игра започнува на **20.11.2018 во 00:00:01** и ќе трае до **19.12.2018 во 23:59:59.**
Наградната игра ќе има 3 извлекувања и тоа:

1. Првото извлекување ќе се оддржи на 04.12.2018 во 12 часот, во просториите на Дирецт Медиа ДООЕЛ, при што ќе учествуваат сите СМС пораки пратени, согласно условите за учество во наградна игра во Член 7, испратени во период од 20.11.2018 во 00:00:01 до 03.12.2018 во 23:59:59 и ќе се доделуваат следниве награди:

- 1 x Зимување за двајца на Златибор – Р. Србија во хотел Торник
- 1 x Дочек на Нова година за двајца во хотел Слобода, Шабац – Р. Србија
- 1 x Дочек на Нова година за двајца во хотел Извор, Аранѓеловац – Р. Србија
- 3 x Алфа плам електричен шпорет
- 10 x Алфа плам решо
- 15 x Пионир слатки пакети

2. Второто извлекување ќе се оддржи на 12.12.2018 во 12 часот, во просториите на Дирецт Медиа ДООЕЛ, при што ќе учествуваат сите недобитни СМС пораки пратени, согласно условите за учество во наградна игра во Член 7, испратени во период од 20.11.2018 во 00:00:01 до 11.12.2018 во 23:59:59 и ќе се доделуваат следниве награди:

- 1 x Зимување за двајца на Златибор – Р. Србија во хотел Торник
- 1 x Дочек на Нова година за двајца во хотел Слобода, Шабац – Р. Србија
- 1 x Дочек на Нова година за двајца во хотел Извор, Аранѓеловац – Р. Србија
- 3 x Алфа плам електричен шпорет
- 10 x Алфа плам решо
- 15 x Пионир слатки пакети

3. Третото извлекување ќе се оддржи на 20.12.2018 во 12 часот, во просториите на Дирецт Медиа ДООЕЛ, при што ќе учествуваат сите недобитни СМС пораки пратени, согласно условите за учество во наградна игра во Член 7, испратени во период од 20.11.2018 во 00:00:01 до 19.12.2018 во 23:59:59 и ќе се доделуваат следниве награди:

- 3 x Зимувања за двајца на Златибор – Р. Србија во хотел Торник
- 1 x Дочека на Нова година за двајца во хотел Слобода, Шабац – Р. Србија
- 1 x Дочека на Нова година за двајца во хотел Извор, Аранѓеловац – Р. Србија
- 1 x Алфа плам печка за етажно греење “COMMO”
- 1 x Алфа плам печка на пелети “LUCA”
- 4 x Алфа плам електричен шпорет
- 10 x Алфа плам решо
- 20 x Пионир слатки пакети

Добитниците ќе се извлечат по случаен избор со помош на компјутерска програма, софтвер за извлекување, која ќе избира од базата на податоци по основ на пратена порака од секој учесник.

Извлекувањето се врши во просториите на приредувачот, по случаен избор (random).

Добитниците на наградите системот ќе ги исфрли одеднаш, според софтвер припремен за тоа и распределени според наградите. На крајот на секое извлекување ќе бидат извлечени и резервни добитници во број 500% од вкупниот број на добитници за тоа извлекување. Добитникот (добитниците) ќе биде известен на добитниот телефонски број преку СМС порака. Истиот треба да се дојде со валидна фискална сметка којашто го исполнува условот за учество согласно Член 6. од овој правилник во рок од 72 часа од добивањето на пораката во Дирецт Медиа ДООЕЛ, (приредувач на наградната игра) на следната адреса ул. Орце Николов бр. 68 / 3, Скопје  во работно време од  10:00-16:00 часот.

Доколку добитникот не се јави во предвидениот рок, наградата ќе се додели на резервниот добитник.

Доколку добитникот нема валидна фискална сметка (копија на фискална сметка од маркет се смета за невалидна) или при приложување на фискалната сметка се утврди дека извлечениот добитник не ги исполнил условите за учество согласно правилата наведени во Член6. наградата ќе се додели на резервниот добитник.

Доколку во првото извлекување не се доделат сите награди (поради неисполнување на условите за учество во наградната игра опишани во Член 7) предвидени за извлекување, недоделените награди се префрлаат за второто извлекување. Доколку во второто извлекување не се доделат сите награди (поради неисполнување на условите за учество во наградната игра опишани во Член 7) предвидени за извлекување, недоделените награди се префрлаат за третото извлекување.

Недоделените награди и по завршувањето на третото извлекување ќе останат во сопственост на ЈУС МБ ДООЕЛ Сарај, Скопје

Фискалната сметка треба да се чува како доказ за купениот производ и прикаже при подигање на наградата. Податоците во приложената фискална сметка треба да соодветствуваат со податоците испратени на СМС пораката која е извлечена како добитник.

Приредувачот нема да сноси никаква одговорност за СМС пораките што не ги содржат потребните информации и истите нема да бидат земени во предвид како валидни.

Извлекувањата на добитниците на наградите ќе го контролира комисија составена од четири члена: овластен претставник на Дирецт Медиа ДООЕЛ Скопје, овластен претставник

на Јус МБ ДООЕЛ Скопје, претставник од Виртуал СЦ ДООЕЛ Скопје и нотар. Комисијата води записник во текот на извлекувањето.

Едно лице може да учествува во наградната игра неограничен број пати, односно со секои купени најмалку 4 различни видови на производи (по 1 од групите на производи наведени во Член 5, под броеви од 1. до 5.) на една фискална сметка до датумот на завршување на наградната игра и испраќање на СМС порака со бројот на фискалната сметка и времето на купување напишано на фискалната (час, минута) на бројот **14741**, од кој било мобилен оператор во Р. Македонија.

## ДОБИТНИЦИ НА НАГРАДИТЕ И НАЧИН НА ПОДИГНУВАЊЕ НА НАГРАДИТЕ

### Член 12

Резултатите, односно телефонските броеви на добитниците со заштитен префикс и броевите кои се испраќаат во смс пораките (број на фискална сметка и час и минути на купување) ќе бидат објавени во дневен весник “Слободен Печат” во рок од 3 дена од завршувањето на секое извлекување, како и на интернет страницата на Пионир (https://www.pionir.rs/marketing/vesti/). Добитниците ќе бидат известени преку СМС порака на телефонскиот број од кој ја пратиле СМС пораката за учество на наградната игра и од нив ќе се бара да ја приложат фискалната сметка, пред да ја добијат наградата.

По утврдувањето на личните податоци (име, презиме, адреса и идентификација со лична карта) и увидот на фискалната сметка како доказ за добивката, освоените награди ќе се подигаат / доставуваат на следниве начини:

1. Доколку учесникот во наградната игра е добитник на една од следниве награди: Зимување за двајца на Златибор во хотел Торник, Дочек на Нова година за двајца во хотел Слобода или Дочек на Нова година за двајца во хотел Извор, на денот на приложуањето на фискалната сметка ќе добијат потврда (со наведено пме, презиме, број на патна исправа или лична карта на добитникот) од страна на Дирецт Медиа ДООЕЛ дека се добитник и истата ќе треба да ја приложат во погоре наведенети хотели при нивното пристигање. Доделувањето на овие награди ќе биде проследено со фото запис (фотографија).
2. Доколку учесникот во наградната игра е добитник на една од следниве награди: Алфа плам печка за етажно греење “COMMO”, Алфа плам печка на пелети “LUCA”, Алфа плам електричен шпорет или Алфа плам решо, на денот на приложувањето на фискалната сметка ќе добијат потврда (со наведено Име, Презиме, број на патна исправа или лична карта на добитникот) за освоената награда и истата ќе треба да ја дадат при достава на наградата на нивната домашна адреса.
3. Доколку учесникот во наградната игра е добитник на Пионир слатки пакет, наградата може да се подигне од просториите на приредувачот на ул. Орце Николов бр. 63 / 3, Скопје, најдоцна 30 дена од објавувањето на добитниците во дневниот весник “Слободен Печат”.

Секој од добитниците ќе добие потврда за добивка подготвена и заверена од приредувачот на наградната игра.

При искористување на следниве награди: Зимување за двајца на Златибор во хотел Торник, Дочек на Нова година за двајца во хотел Слобода или Дочек на Нова година за двајца во хотел Извор, добитникот е дожен навремено да направи резервации преку телефонски повик или електронска пошта во хотелот во кој добил награда.

За достава на следниве награди: Алфа плам печка за етажно греење “COMMO”, Алфа плам печка на пелети “LUCA”, Алфа плам електричен шпорет или Алфа плам решо, добитникот се согласува да остави свои податоци кај приредувачот (име, ирезиме, адреса, бр. на лична карта и телефонски број) со цел за подобра и посигурна достава на производите на неговата домашна адреса.

При достава на фискалната сметка на увид, кај прирдувачот на наградната игра, истата не смее да биде оштетена или на фискалната сметка да се вршени било какви измени или преправки.

Во следниве случаеви ќе бидат контактирани резервите по редоследот на нивното извлекување:

- Ако не е можно да се стапи во контакт со добитникот на наградата, поради причини за кои сноси одговорнот добитникот, откако е утврдено дека приложената фискална сметка го исполнува условот за учество во наградната игра.
- Ако приложената фискална сметка од извлечениот добитник не го исполнува условот за учество.
- Доколку добитникот, откако е утврдено дека приложената фискална сметка го исполнува условот за учество во наградната игра, не ја подигне наградата во предвидениот рок или не ја искористи (на пример: доколку е добитник на Зимување за двајца на Златибор во хотел Торник) во предвидениот рок.

Приредувачот го задржува правото да ги повика резервите, по редоследот на извлекување, во случаеви кога приредувачот има основани причини да смета дека извлечениот добитник ги прекршил правилата на наградната игра, ако учесникот одбива да ја прими наградата, со учесникот неможе да се стапи во контакт во предвидениот рок за утврдување на тоа дали со фискалната сметка го исполнува условот за учество како и примопредавање на наградата.

## ДАНОЧНИ ОБВРСКИ НА ДОБИТНИЦИТЕ НА НАГРАДИТЕ

### Член 13

Приредувачот е одговорен за сите даноци, надоместоци и одговорности поврзани со наградите вклучувајќи го и персоналниот данок на доход.

## ПРИГОВОРИ НА УЧЕСНИЦИТЕ

### Член 14

Незадоволниот учесник има право да поднесе писмен приговор до приредувачот на наградната игра, во рок од 5 (пет) дена од денот на објавување на секој од добитниците и тоа на адреса ул. Орце Николов бр. 68/3, 1000 Скопје.

Приредувачот е должен писмено да одговори на приговорот во рок од 5 (пет) дена од приемот на истиот.

## ОДГОВОРНОСТ

### Член 15

Потенцијалниот учесник во оваа наградна игра разбира и се согласува дека учествува во наградната игра на свој сопствен ризик.

Приредувачот не одговара за евентуалните штети причинети во текот или во врска со учеството во наградната игра.

Приредувачот не одговара во случај кога добиената награда не може да биде дадена или искористена поради неможност потенцијалниот добитник или негов претставник да се јави и да ја добие наградата во определените рокови или поради други технички или правни пречки поврзани со конкретниот добитник или негов претставник и поради околности предизвикани од виша сила, нормативни или законски ограничувања или други околности.

## ПРЕСТАНОК НА ОБВРСКИТЕ

### Член 16

Од моментот на преземање на наградата, престануваат сите обврски на приредувачот кон добитникот на наградата.

## ПРЕКИН НА НАГРАДНАТА ИГРА

### Член 17

Наградната игра може да се прекине само во случај ако настапат околности за кои приредувачот на наградната игра не е одговорен, односно ако постојат околности кои приредувачот не можел да ги спречи, отстрани или избегне согласно член 8 од Законот за игри на среќа и забавни игри. Учесниците во наградната игра за прекинот на наградната игра ќе бидат известени по електронски пат или преку друг јавен медиум.

## СОГЛАСНОСТ И СОБИРАЊЕ, ОБРАБОТУВАЊЕ И ЗАЧУВУВАЊЕ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

### Член 18

Со испраќање на СМС порака за учество во наградната игра учесникот ги прифаќа Правилата и условите за учество и со тоа се согласува неговите лични податоци да бидат обработувани од страна на приредувачот согласно законот за заштита на лични податоци.

Ова вклучува собирање, евидентирање, организирање, чување, приспособување или промена, повлекување, консултирање, употреба, откривање преку пренесување, објавување или на друг начин правење достапни, изедначување, комбинирање, блокирање, бришење или уништување на личните податоци. Обработката и преносот на податоци од страна на Приредувачот на наградната игра е со цел полесно да се реализира и обработи секој учесник индивидуално во наградната игра.

Личните податоци ќе бидат споделени со трета страна чиешто учество во наградната игра е неизбежно, кои се обврзуваат да ги чуваат и обработуваат овие податоци согласно законот.

Приредувачот се обврзува дека сите лични податоци ќе ги обработува во согласност со Законот за заштита на личните податоци и подзаконските акти за заштита на личните податоци, кои се во моментот во сила, и само за цели поради што податоците се собрани.

Со учеството во наградната игра учесникот ја дава неговата согласност врз основа на детално објаснување и информација од страна на приредувачот.
Секој учесник во наградната игра мора да даде на приредувачот своја согласност да по потреба и во случај да биде извлечен како добитник на некоја од предвидените награди дека ќе ги презентира на приредувачот своите лични податоци (име и презиме, адреса, бр. на лична карта, итн ), а кои се потребни за издавање на адекватни потврди за подигање на наградите и потврди за платени даноци, надоместоци и одговорности поврзани со наградите вклучувајќи го и персоналниот данок на доход.

Учесникот во наградната игра кој е извчлечен како добитник остварува право на награда само доколку по писмен пат или на записникот за примопредажба на наградата даде согласност за презентирање на личните податоци од претходниот став од овој член. Во супротно учесникот во наградната игра кој е извлечен како добитник нема право на награда.

Со учество во наградната игра секој учесник ги прифаќа правата и обврските од овој правилник, со тоа што учесниците прифаќаат и:

- нивните лични податоци кои се достапни на приредувачот на наградната игра да се чуваат согласно Законот за заштита на лични податоци и да истите можат да се користат само за маркетинг потребите на приредувачот.
- нивните лични податоци: име, презиме, број на телефон, како и фотографија од доделувањето на наградата (доколку се добитник на една од наградите како што е наведено во Член 12, став 2, точка 1) можат од страна на приредувачот и трговското друштво Јус Мб ДООЕЛ да се користат на начин да се објават во печатен, аудио и аудио видео материјал без надомест и претходна согласност на учесникот, а исклучиво во цел на приредување на оваа наградна игра и промоција на производите на Пионир и промоција на приредувачот.

Добитниците се должни согласно правилата на наградната игра да потпишат изјава за превземање на наградата, со која ќе биде потврдено дека се запознаени со соодветните законски одредби.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 19

Учесникот кој учествува во наградната игра ги прифаќа правата и обврските кои произлегуваат од Правилата на наградната игра. Правилата на наградната игра ги пропишува приредувачот на наградната игра, а истите се применуваат по добиената согласност која ја дава Министерството за финансии на РМ. Правилата на наградната игра, со цел запознавање на потенцијалните учесници на истата, ќе бидат објавени јавно на интернет страницата на Пионир (https://www.pionir.rs/marketing/vesti/), пред почетокот на наградната игра, како и во дневниот весник "Слободен Печат". За начинот на учество во наградната игра ќе се презентира преку платен оглас во печатен медиум, телевизиски спот, билборд и интернет. Учесниците за сите дополнителни информации ќе можат да се јават и на инфо телефонскиот број на приредувачот на наградната игра 02/308 4119 секој работен ден од понеделник до петок од 9 до 16ч.

## РАЗРЕШУВАЊЕ НА ЕВЕНТУАЛНИ СПОРОВИ

### Член 20

Договорните странки се согласни сите спорови кои ќе произлезат од наградната игра да се решат спогодбено, а во спротивно надлежен е Основниот суд во Скопје.

Приредувач

ДИРЕЦТ МЕДИА ДООЕЛ Скопје

Управител

Душан Тошанов